Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), општина Конче, на ден 14.03.2018 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ УП за село Лубница, општина Конче, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Конче, www.konce.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ УП за село Лубница, општина Конче, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Како населено место кое е оддалечено од општина Конче од околу 1 км потребно е да се планираат јавни намени кои ќе ја надополнуваат основната намени домување во станбени куќи.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.12-436/3
Датум:14.03.2018
Конче

Општина Конче
Градоначалник
Благој Илиев